Република Македонија
Општина Кавадарци

[redacted]

Врз основа на член 65 став (6) од Законот за животна средина " **бр.53/05, 81/05, 24/07, 159/08, 83/09, 48/10, 124/10, 51/11, 123/12, 93/13, 187/13, 42/14, 44/15, 129/15, 192/15, 39/16, 28/18, 65/18 и 99/18**), **Општина Кавадарци**, донесе

Арх.Бр.11-2863/2

Дата: 28.09.2020год.
Кавадарци

Република
Македонија Општина
Кавадарци

Плоштад Маршал Тито 6.6.
1430 Кавадарци,
Република Македонија
Тел. 043/ 416-130 Факс
043/416-130
e-mail: opshtina@kavadarci.gov.mk

Одлука за неспроведување на стратегиска оцена

1. За планскиот документ за измена и дополнување на Детален урбанистички план за УЕ 6, дел од Блок 6.3 на ул."Блажо Алексов", КО Кавадарци град, Општина Кавадарци, кој се носи согласно Закон за просторно и урбанистичко планирање („Сл. Весник на РМ“ бр.199/14,44/15,193/15,217/15,31/16 и 163/16), Правилникот за поблиска содржина, размер и начин на графичка обработка за урбанистички планови (Сл.весник на РМ“ бр.142/15 ) и Правилникот за стандарди и нормативи за урбанистичко планирање (Сл. Весник на РМ бр. 142/15,217/15,222/15, 228/15,35/16,99/16,134/16 и 33/17), не е потребно да се спроведе стратегиска оцена на влијанието врз животната средина согласно чл. 65 од Законот за животна средина.

2. Одлуката заедно со формуларите за спроведување на потребата од спроведување односно неспроведување на стратегиска оцена се објавува на веб страната на **Општина Кавадарци,http:www.kavadarci.gov.mk/**.

3. Согласно критериумите за определување на тоа дали еден плански документ има влијание врз животната средина од член 65 став (4) од Законот за животната средина и врз основа на податоците од Прилог 2 на Правилникот за формата, содржината и образецот на одлуката за спроведување односно неспроведување на стратегиска оцена и на формуларите за потребата од спроведување односно неспроведување на стратегиска оцена донесувањето на планскиот документ Изменување и дополнување на Детален урбанистички план за УЕ 6, дел од Блок 6.3 на ул."Блажо Алексов", КО Кавадарци град, Општина Кавадарци нема да има влијание врз животната срединна.
4. Од проектот не се очекуваат значајни влијанија врз животот и здравјето на луѓето, затоа што видот и природата на планираните проектни содржини не спаѓаат во групата на големи и директни загадувачи на животната средина и животот и здравјето на луѓето.